РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

бр. 02-98/4
Скопје, 27.06.2024 година

Записник од сто и четврта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 27.06.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-дин Антонио Јолевски член
г- дин Ермон Незири член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Зорица Павловиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, Душица Димириеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на сто и четвртата седница на Советот.

Пред да се усвои дневниот ред од сто и четвртата седница, претседателот на Советот предложи истиот да биде дополнет со уште една точка и тоа: Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Битола.

Вака предложениот дневен ред беше услоен од страна на членовите на Советот и истиот гласи:

1. Усвојување на записникот од 103та седница на Советот на јавните обвинители на РСМ.
2. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител во Јаното обвинителство на Република Северна Македонија, поради исполнување на услови за староснa пензија за јавниот обвинител Соња Симовска.
3. Донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Битола.
4. Разно

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 103-та седница на Советот, со забелешка од страна на Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кој кажа дека ќе гласа само за усвојување на записникот додека бил присутен на седницата, во делот кога не присуствувал на истата ќе гласа воздржано во однос на содржината на записникот.

Под точката два од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека поради исполнување на услови за старосна пензија со наполнување на 64 години возраст, Советот треба да донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во Јавното обвинителство на РСМ за јавниот обвинител Соња Симовска заклучно со 08.07.2024 година. Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за јавниот обвинител Соња Симовска, поради исполнување на услови за старосна пензија со наполнување на 64 години возраст.**

Под точка три од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот ги следи состојбите во сите јавни обвинителства во РСМ, и смета дека состојбата во ВЈО Битола е алармантна. Истакна дека од предвидените осум јавни обвинители согласно систематизацијата на јавни обвинители во ова јавно обвинителство, во моментот функцијата ја извршуваат тројца јавни обвинителски вклучувајќи го и Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола. Воедно посочи дека еден јавен обвинител во месец септември исполнува услови за старосна пензија, со што ова јавно обвинителство ќе остане со двајца јавни обвинители. Од тие причини предложи Советот да донесе одлука за објавување на оглас за избор на двајца јавни обвинители во ВЈО Битота, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека состојбите се познати и дека недостаток од јавно обвинителски кадар има и во останатите јавни обвинителства во РСМ. Воедно се сложи со предлогот на претседателот на Советот за објавување на оглас за двајца јавни обвинители во ВЈО Битола.

Г-дин Ермон Незири кажа дека објавувањето на оглас во ова јавно обвинителство е неопходно и истакна дека кандидатите од Академија за судии и јавни обвинители во месец октомври ја завршуваат обуката, по што ќе покријат некои јавно обвинителски места со јавно обвинителски кадар.

Г-ѓа Кети Петкова истакна дека Советот на секоја седница ги разгледува состојбите во јавните обвинителство во РСМ. Кажа дека воедно треба да се води сметка во поглед на основните јавни обвинителства за да не се остават без јавно обвинителски кадар. Се согласи со предлогот за објавување на оглас за избор на двајца јавни обвинители во ВЈО Битола.

Откако никој не зема збор, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска го стави предлогот на гласање и истиот едногласно беше усвоен, по што Советот донесе одлука за објавување на оглас за избор на двајца јавни обвинители во ВЈО Битола.

Под точка Разно од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со новонастанатата состојба со членот на Советот г-дин Иџет Мемети и кажа дека во телефонски разговор со него кажал дека ќе даде оставка од позицијата заменик претседател на Советот откако ќе се врати од годишен одмор. Воедно ги извести членовите на Советот дека во текот на наредната недела Советот ќе одржи седница на која ќе се разгледува ова прашање.

Под истата точка од дневниот ред јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски ги извести членовите на Советот дека со Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје г-дин Мустафа Хајрулахи го посетиле Основното јавно обвинителство Велес. Во разговор со јавните обвинители од ова јавно обвинителство било одлучено и дадено овластување да самите се организираат, така што најмалку по двајца јавни обвинители да одат една до две недели на испомош во ОЈО Гевгелија, каде ќе ги постапуваат и застапуваат предметите. Воедно кажа дека на ова јавно обвинителство од страна на ЈОРСМ е дадено патничко моторно возило за службени потреби.

Откако никој не зема збор, Претседателот на Советот ја заклучи сто и четвртата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
**Генерален Секретар**

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**